Број: 0302-181
04.06.2021 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за јавни набавки
Сектор /одделение за финансии
Сметководство / правни работи / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

При спроведувањето на постапките за јавни набавки секогаш се појавуваат серија отворени прашања и дилеми, кои најчесто се разрешуваат на работилниците од областа на јавните набавки. Здружението на финансиски работници, врз основа на сопствените анализи, потребата и барањата за обука, како и потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините од областа на јавните набавки, со задоволство Ве поканува на работилницата на тема:

**“ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ – ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ, ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ“**

Работилницата ќе се одржи со почитување на протоколите за заштита од корона вирусот Covid 19, на ден **22.06.2021 година (вторник), на отворен простор во хотел „Белви“ – Скопје**.

Таа претставува континуитет на долгогодишната традиција на Здружението на финансиските работници за одржување обуки за јавни набавки. Учесниците ќе имаат можност да дискутираат и да добијат одговори на поставените прашања, меѓу кои и за: важноста од добра внатрешна организација на јавните набавки кај договорниот орган; подготовка на постапката за јавна набавка; спроведување на постапката за јавни набавки; евалуација на понудите; електронска аукција; доставување на конечна понуда, исклучоци од примена на законот.

Со задоволство го очекуваме присуството на претставници на Единиците на локалната самоуправа, Буџетски корисници, единки корисници, Јавните здравствени установи, Јавните установи, Јавни претпријатија / Јавно комунални претпријатија, Акционерски друштва и други заинтересирани страни. На работилницата се добредојдени сите кои директно или индиректно се инволвирани во јавните набавки. Обезбедениот квалитетен експерт-практичар, м-р Александар Аргировски, со своето долгогодишно искуство во областа на јавните набавки, подготвените материјали и утврдените области кои се предмет на елаборирање на работилницата, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше присуство.

Почитувани, искористете ја можноста за само **4.500 денари (со вклучен ДДВ) по учесник да обезбедите присуство и работни материјали за работилницата, освежување и кафе за време на паузите, како и ручек.** Котизацијата за учество на обуката можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија,**
**сметка 300 270 000 017 628, Комерцијална Банка АД Скопје или на**
**сметка 200 000 026 137 030, АД Стопанска Банка – Велес**
**даночен број MK4004997107233**

Во функција на подготовка за работилницата, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети **Пријави** за учество на работилницата на e-mail: zfrlsjpv@t.mk или kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или наведените e-mail адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата, Ви посакуваме добро здравје.

Со почит,

Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВЕЛЕС 2

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски
З. Јанкуловски

**Прилог:** Агенда